МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**КОМИСИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОДЗЕМНИ ИНСТАЛАЦИИ**

Број:11-6142/2
Датум: 10.08.2022
Скопје

ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош изврши увид на лице место на ден 09.08.2022 година на ул.“Крчин “ бр.2А, по барање на Инвеститорот “ЕВН – Македонија“ , Корисничко Енерго Центар – Ѓорче Петров, Скопје кој треба да изврши полагање на кабел NAY2Y-J 4х240мм2 поради реализација на нов нисконапонски приклучок за објект на барател Арсен Арсовски.

Од увидот на лице место констатирано е дека за реализација на барањето според техничкото решение за овој предмет, ЕВН Македонија предвидува да положи кабел NAY2Y-J 4х240мм2.Трасата за новата електрична инсталација започнува од нов разводен ормар КРО-Ф4 и продолжува со попречен прекоп на асфалтна подлога на ул.“Крчин“ се до нов разводен ормар КРО-Ф4.

Трасата на ровот за подземниот вод е со вкупна должина од 6 метри(попречен прекоп на асфалтна подлога) кои припагаат на јавна површина при Општина Карпош.

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката бр.09-3199/8 од 20.04.2022 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за попречен прекоп на асфалтна подлога да уплати износ од 21.240,00 денари со вклучено ДДВ.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

# ОПШТИНА КАРПОШ
# КОМИСИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОДЗЕМНИ ИНСТАЛАЦИИ

На Инвеститорот – Изведувач дадени му се насоки за начинот на изведување на сите градежно земјани работи за положување на подземниот електричен вод како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања. Подлогата по положување на електричните кабли да се врати во подобрена првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот од асфалтна подлога да се транспортира до депонија,околу инсталациите да се постави ситен песок, останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви и завршно ровот да се асфалтира со АБ 11.

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на електричниот подземен вод, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна состојба.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Ивана Стојановски

Тома Мандилоски

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925
www.karpos.gov.mk